

# КАРПОШ

неделен
Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**1-11 ное 2024 Билтен бр. 577**

# ОСНОВЦИТЕ ОД „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ ГО ОСВОИЈА ФУДБАЛСКИОТ КУП ПО ПОВОД РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

**Во рамки од манифестацијата „Денови на Општина Карпош“ со која се одбележуваат 48 години од основање на локалната самоуправа, денеска се одржаа финалните натпревари во неколку екипни спортови помеѓу учениците од основните училишта од Карпош. Во битката за победничкиот трон на спортското фудбалско игралиште во Влае се сретнаа екипите од ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ и ООУ„Владо Тасевски“ кои се покажаа како најуспешни после одиграните квалификациски мечеви.**

**Во прекрасна атмосфера со бројна поддршка за двете екипи, финалниот меч понуди навистина возбудлива, неизвесна и квалитетна пресметка. Имено, по завршување од регуларниот тек на натпреварот со резултат 0-0, победникот беше добиен по изведување на пеналите. Поуспешни во ударите од белата точка беа основците од „Христијан Тодоровски Карпош“ кои со минимални 4-3 успеаја да триумфираат и да го освојат првото место во фудбалскиот куп.**
**По завршувањето на возбудливиот финален меч, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски го додели победничкиот пехар и дипломите за учество во училишниот куп.**
**– Општина Карпош е голем подржувач на спортот и спортските активности, особено меѓу најмладите. Ние како локална самоуправа придонесуваме за поголем натпреварувачки дух меѓу основните училишта како и со настаните кои потикнуваат поголем дел од времето младите да го поминуваат со спортување, рекреација и дружење. На овој начин нашата општина ќе придонесе во животните лекции за победите и поразите со кои најмладите ќе ги имаат во иднина – рече Јакимовски.**



# ЕСЕНСКО ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ ВО КАРПОШ

**По повод роденденот на Општина Карпош, трети ноември, на плоштадот ,,Кузман Јосифовски Питу", се засадија првите садници во рамки на есенското зазеленување. Во оваа еко акција, предвидени се да се засадат вкупно 346 садници на територија на Општината, и тоа листопадни и зимзелени дрвја од видот : горски јавор, каталпа, црвенолисна слива, албиција, црн јасен, багрем, џиновска туја, црвенолисен јавор, црвен костен, келројтерија, фотинија дрво и ликвидамбар.**

**Во оваа прилика, градоначалникот Стевчо Јакимовски се обрати и ги соопшти информациите за есенското зазеленување.**

**-Општина Карпош секоја година има есенско и пролетно садење на дрвца. Секоја година издвојуваме милион и 400 илјади денари. На пролет ќе ни останат уште 400 илјади денари за пролетно садење, за она што евентуално нема да ни успее во текот на зимата,па да се обнови. На овој начин би сакале да ја поттикнеме еколошката свест кај граѓаните, да ја чуваме зелената површина бидејќи нашиот Карпош е најзелена Општина во главниот град – рече Јакимовски.**

**Од буџетот на Општина Карпош, за есенската акција, издвоени се средства во износ од 1 милион денари за набавка на афтохтони и алохтони висококвалитетни листопадни и зимзелени дрвја. Локалната самоуправа е Општина посветена на создавање нови зелени површини, бидејќи вложувањето во животната средина е трајна придобивка за сите сегашни и идни генерации.**



# ДВОЈНА СПОРТСКА КРУНА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД „КОМЕНСКИ“

**По возбудливата завршница во финалните натпревари во кошарка (момчиња) и одбојка (девојчиња), кои се одиграа денеска во рамки на општинскиот училишен спортски куп, двата победнички пехари ги подигнаа учениците од ООУ „Јан Амос Коменски“. Во одбојкарското финале, девојчињата од „Коменски“ беа убедливи и славеа со 2:0 во сетови против своите сопернички од ООУ „Војдан Чернодрински“ и покрај тоа што резултатот во сетови беше речиси израмнет (28:26) и (25:23).**

**И во кошаркарското финале, момчињата од „Коменски“ беа поуспешни од своите ривали од приватното основно училиште „IPS“, против кои славеа со 36:34. Низ сите четири четвртини водството преоѓаше од една кон друга екипа, но на крајот поголема концентрација и пожртвуваност демонстрираше тимот од Тафталиџе 1, која заслужено го подига победничкиот пехар.**
**Инаку, спортскиот училишен куп се одржува секоја година традиционално, по повод одбележување на роденденот на Општина Карпош.**



## ЈАКИМОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА „МАЈКА ТЕРЕЗА"

**По повод одбележување на Денови на Општина Карпош, денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски ги посети корисниците кои престојуваат во Домот за стари лица ,,Мајка Тереза" . Во организација на Одделението за социјална и детска заштита, традиционално првиот човек на Општината им подели пригодни пакети на граѓаните од третото доба, на кои во разговор ги потсети дека треба да внимаваат на себе и нивното здравје, а дека тоа најдобро го прават луѓето кои во Домот се грижат за нив.**

**-И оваа година заедно ги започнуваме традиционалните Денови на Општина Карпош, по повод 48-годишното постоење од нашата Општина. Вие сте нашите најстари карпошани за кои треба да се грижиме. Бидете живи и здрави и чувајте се – заврши Јакимовски.**

**Имено, во рамки на денешниот настан, старите лица ги посетија и волонтерите од Невладината организација ,,Такт", кои преку пилот проект одржаа работилници кои се од суштинско значење за зачувување на традицијата и културното наследство, како и поддршка на старите лица за подобрување на квалитетот на нивниот живот.**



# ВПЕЧАТЛИВИТЕ ОЛДТАЈМЕРИ ГО РАЗУБАВИЈА РОДЕНДЕНОТ НА КАРПОШ

**Во рамки на 48-от роденден на Општината, во организација на клубот ,,Буба Клуб Македонија", а под покровителство на локалната самоуправа, денеска се одржа средба на сопствениците на олдтајмери, на плоштадот ,,Делфина" во населбата Влае. На собирот беа изложени повеќе од 15 возила и учесници од разни клубови, од целата држава (ОТК "Пежо 404 Клуб", "Gentleman's Crew Skopje", "2CV Спачек Клуб Скопје",) како и неколку олдтајмер клубови од регионот, како: ОТК "Врање", ОТК "Ниш". Денешниот двочасовен настан, беше посетен од многубројните љубители на автомобили кои имаат долга историја.На роденденската изложба присуствуваше градоначалникот Стевчо Јакимовски заедно со делегации од збратимените Општини.**



# МЕЃУНАРОДЕН ВАТЕРПОЛО ТУРНИР „13 НОМЕВРИ" ВО КАРПОШ

**На базенот СЦ „Борис Трајковски", по повод Денот на ослободувањето на Скопје, во организација на ВК ,,Вардар ветерани" и со подршка од Општина Карпош, вчера започна четвртиот по ред Меѓународниот турнир во ватерполо за ветерани (над 35 години). На турнирот, покрај домашната екипа на Вардар Ветерани, учествуваа и екипи од Хрватска, Србија, Романија, Унгарија, Словачка, Турција, Грција и Јапонија.**

**На ватерполо турнирот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, како и делегации од збратимените Општини. Тој во својот поздравен говор ја даде својата поддршка за ваквите спортски настани и дружби.**

**– Ви посакувам добредојде на сите учесници на овој ватерполо турнир. Драго ми е што пред се се дружите и соработувате од многу држави како од соседството така и пошироко. Како досега така и понатаму Општина Карпош ќе го поддржува спортот, ватерполото и пливањето – рече Јакимовски.**

**Мастерс-турнирот во ватерполо за ветерани, на еден начин го афирмира ватерполото кај младата популација, како и дружбата за стекнување пријателства помеѓу љубителите на овој спорт од целиот регион па и пошироко.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ГО ПРОСЛАВИ 48-МИОТ РОДЕНДЕН

**Во пригодна атмосфера по повод одбележување на 48 години од формирање на локалната самоуправа, во Драмскиот театар – Скопје, вечерва се одржа свечена академија на која присуствуваа градоначалникот Стевчо Јакимовски, поранешни градоначалници на Карпош, членовите на Советот на Општината, претставници на општинската администрација, делегација од Општините Кладањ и Калесија , градот Живинице (БиХ), како и делегации од збратимените општини Сремски Карловци (Србија), Врњачка Бања (Србија), Стари Град – Сараево (БиХ), Травник (БиХ), Тиват (Црна Гора) и Л – Исла (Малта).**

**Свеченоста започна со интонирање на македонската национална химна во изведба на училишниот хор од ООУ „Димо Хаџи Димов“, а веднаш потоа беше проектирана промотивна видео репортажа за општина Карпош. По неа следуваше видео прилогот со инженерот – архитект Петар Николовски, кој во своето кусо обраќање од стручен аспект го образложи своето гледиште, како општина Карпош низ годините стана пионер во имплементација на енергетски ефикасни објекти.**

**Во рамки на манифестацијата пред присутните се обрати и градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој меѓу другото говореше за приоритетите на локалната самоуправа, како и за долгорочната стратегијата за плански развој на општината.**

**Овие речиси пет децении, Карпош не ги помина во летаргија, окупиран со секојдневните обврски, туку напротив, за овие години нашата општина доживеа невидена трансформација и развој. Разбирлива е и можеби преголемата грижа на поединци, Карпош да не се претвори во урбана џунгла борејќи се првенствено тој да оди во чекор со урбаниот развој, но да го зачува зеленилото, парковите, да ги зачува рекреативните зони, а пред се Градскиот парк, кејот на Вардар и планината Водно. Затоа, имам чувство дека сите ние, од вработени до функционери, градејќи го тој сервис кон граѓаните и водејќи секојдневна битка за задоволување на нивните секојдневни потреби не ни претставува обврска, туку чест и задоволство – истакна Јакимовски.**
**Во своето обраќање пред присутните тој посочи дека локалната самоуправа досега има инвестирано во крупни инфраструктурни проекти, во образованието, културата и спортот, детската и социјална заштита, во современ функционален систем за ново штедливо улично осветлување, како и во поставување на нова комунална мрежа и овозможување на подобри станбени услови за своите жители.**

Првиот човек на Општината резимираше дека актуелната администрација и понатаму ќе остане верен сервис на своите граѓани и дека ќе практикува поефикасен пристап за решавање на нивните проблеми.

Ете такви сме ние карпошани, посветени на решавање на проблемите на нашите сограѓани се трудиме да ги корегираме грешките од минатото и да не креираме нови. И она што е најважно, имаме визија за развој на нашиот Карпош. Тоа им го должиме на поранешните градоначалници Ристо Поповски, Јован Цубалевски, Киро Алексовски, Митко Велков, Војче Кушевски, Владо Станковски, Сашо Кузмановски, Андреј Петров, Сашо Димиќ, Стефан Богоев, но и на идните генерации. Да живее Карпош – додаде Јакимовски.
По повод 48 годишнината од своето основање, локалната самоуправа ги прогласи за свои заслужни граѓани, проф. д-р Васил Тупурковски и драматургот Братислав Димитров – Бато. Во оваа пригода, првиот човек на Општината му ја врачи плакетата на професорот Тупурковски за неговиот извонредно голем придонес во политиката и за афирмација на македонскиот спорт. Признание добива и реномираниот македонски драматург Братислав Димитров – Бато, за извонредно големиот придонес во полето на културата и уметноста.

Со одлука на Советот на Општина Карпош, градоначалникот Јакимовски му додели пофалница и парична награда од 60.000 денари на полицискиот службеник Ангел Цветановски од полициската станица Карпош. Цветановски ги доби признанието и наградата за неговиот голем придонес во непреченото обезбедување на јавниот ред и мир, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на вршење криминални дела и прекршоци, а особено поради неговиот стручен, принципиелен и професионален однос кон работните обврски.

За својот 48-ми роденден Општина Карпош го награди со пофалница и со парична награда од 40.000 денари осмоодделенецот Дарјан Мирчевски, за неговото неодамнешено извонредно достигнување, освојувајќи го златниот медал на Меѓународната математичка олимпијада „Коперникус“, која се одржа во јули годинава на престижниот Универзитет Колумбија, во Њујорк (САД). Пофалница и парична награда во висина од 20.000 денари доби и неговата наставничка – ментор, Драгана Петковска Ефремовски, која го подготвуваше и го насочи младиот Дарјан кон неговиот голем успех.

Завршниот дел од свечената манифестација им припадна на учениците од Карпош, поточно на основците од „Аврам Писевски“ кои со одличниот настап на театарската бина ја изведоа познатата музичка нумера од незаборавната Есма Реџепова, – „Чаје Шукарије“. Инаку, со овој хит младите бардовчани пред неколку дена ги освоија срцата на публиката и на стручното жири кое им го додели првото место во рамки на јубилејната десетта манифестација „Карпош има талент“. По нив настапија шестоодделенките Каја Мирчевски и Миа Митаноска од ООУ „Владо Тасевски“ со прекрасна танцова точка, а манифестацијата ја затворија основците од „Димо Хаџи Димов“ кои се претставија со песната „Љубена“ од легендарниот Тоше Проески, како и со изведба на рецитал – извадок од поетската творба „Сеќавање“ од Петре М. Андреевски.


48 ГОДИНИ



# ПРИЈАТЕЛСКА СРЕДБА СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ОПШТИНИ

**По повод одбележување на 48 годишнината од основањето на Општина Карпош (3. ноември), градоначалникот Стевчо Јакимовски, утрово во својот работен кабинет оствари средба со членовите на делегацијата од Општините Кладањ и Калесија , градот Живинице (БиХ), како и со претставниците од збратимените општини Сремски Карловци (Србија), Врњачка Бања (Србија), Стари Град – Сараево (БиХ), Травник (БиХ), Тиват (Црна Гора) и Л – Исла (Малта).**

**Во рамки на оваа протоколарна средба, присутните разговараа за актуелната состојба во регионов и пошироко, како и за тековните активности кои се одвиваат во локалните самоуправи од коишто тие доаѓаат. На состанокот стана збор и за предизвиците со кои се соочуваат општинските служби во текот на своето работење, а во таа насока беа разменети и повеќе практични искуства во поглед на изнаоѓање на најсоодветни решенија кои ќе понудат подобар сервис за своите граѓани.**

**На крајот, присутните констатираа дека со одржување на блиски контакти и размена на регионални и меѓународни искуства и техники, може да се усоврши начинот на работење на локалната администрација. Во духот на градење на цврсти пријателски односи, присутните заемно си разменија пригодни подароци во вид на репрезентативен материјал.**



# НАЈМЛАДИТЕ КАРПОШАНИ И ГО ЧЕСТИТАА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

**Дечињата од градинките и основците од училиштата и ја испратија најубавата роденденска честитка на Општина Карпош, која вчера одбележа 48 години од своето постоење. Со преубави костими во разиграни бои, најмладите карпошани го збогатија цветното дефиле, – манифестација која традиционално секоја година се организира по повод формирањето на локалната самоуправа. Денеска, во рамки на спортското игралиште во ООУ „Лазо Трповски“ се одржа оваа свечена манифестација, каде присуствуваше градоначалникот Стевчо Јакимовски, во придружба со членовите од делегациите од збратимените општини.**

**Оттука, пред присутните со поздравен говор се обрати првиот човек на Општината кој им се заблагодари на според него, најубавата, најцветната, највеселата и најразиграна детска дружина во Карпош.**

**Драги гости, ве поздравувам од името на Советот и Општината на овој наш 48-ми роденден и на оваа наша прекрасна манифестација што се одржува секоја година. Многу сме ви благодарни што дојдовте да не поздравите на ваш својствен начин, односно со песни и танци. Да сте ни живи и здрави, да бидете умни, да учите вредно и да бидете примерни граѓани на Карпош и Македонија – им посака Јакимовски.**

**Покрај нив, 34 талентирани основци – спортисти од Карпош добија осуммесечни стипендии, од кои 28 од нив се класифицирани во прва категорија, што значи дека ќе добиваат месечен паричен надоместок во висина од 3.500 денари. Шесторица талентирани ученици – спортисти ќе добиваат стипендија од втора категорија, која изнесува месечно по 3.000 денари.**



# КАРПОШ ЌЕ ГИ ОТСТРАНУВА ОТПАДНИТЕ (ХАВАРИСАНИТЕ) ВОЗИЛА

**Општина Карпош е прва општина која потпиша договор со колективен постапувач за отстранување на отпадни (хаварисани) возила**

**Општина Карпош на 11.11.2024 год склучи Договор за соработка со колективниот постапувач ДУО Греен Роад ДООЕЛ, Скопје за собирање, регулирање и отстранување на отпадни (хаварисани) возила на јавни површини на територија на локалната самоуправа.**

**Инспекторатот на Општина Карпош оваа акција освен со колективниот постапувач, ќе ја спроведе во заедничка соработка и со Министерството за Внатрешни работи преку урбаните заедници со цел подигнување на свеста на граѓаните за рециклирање на отпадните моторни возила, како и за зачувување на здрава животна средина преку нивно отстранување од јавна површина.**

**По донесување на Законот за управување на посебни текови на отпад (Сл. Весник на РСМ бр.216 и 195/22) и член 63 од Закон за безбедност на сообраќајот, според насоките од Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Карпош ГИ ИЗВЕСТУВА граѓаните за следново:**

**ОТПАДНО ВОЗИЛО – ,,…е возило чија што употребна функција престанала и кое крајниот корисник го исфрла, има намера да го исфрли или од него се бара да го исфрли, вклучувајќи ги и сите негови составни делови и материјали кои во моментот на исфрлање претставуваат дел од отпадно возило…“ – чл. 7 од Закон за управување со дополнителни текови на отпад.**
**Возилата кои ги исполнуваат условите од горенаведената дефиниција почнувајќи од денеска ќе бидат мапирани и за нив ќе се води база на податоци. За веќе мапираните отпадни возила ќе се доставува Изестување до МВР за добивање информации за сопственост на отпадното возило.**
**Според информациите од МВР, инспекциските служби ќе лепат Известувања во кои се дава рок од 10 (десет) дена за отстранување на возилото. Истовремено инспектор за животна средина/комунален инспектор ќе изготви Записник при што во прилог со писмено Известување до сопственикот ќе бидат доставени на негова адреса.**
**По истекот на дадениот рок, доколку отпадното возило не е отстрането од страна на сопственикот, инспекциските служби носат Решение за опомена во времетраење од 5 (пет) дена до сопственикот на возилото, а доколку сопственикот на возилото не постапи по Решението до МВР се доставува известување за одјавување и отстранување на возилото.**
**По истекот на рокот од 5 (пет)дена, отпадните возила го превзема колективен постапувач кој ги дислоцира на соодветно собирно место.**

**АПЕЛИРАМЕ ДО СИТЕ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**кои се сопственици на вакви отпадни моторни возила а се на јавна површина да ги дислоцираат/отстранат во најкус можен рок. Доколку не го сторат тоа, ќе се поведе инспекциска постапка со изрекување на казна – глоба во вредност од 250 евра според чл.67 од Закон за управување со дополнителни текови на отпад.**

**Телефони за контакт:**

**Сектор Инспекторат на Општина Карпош: 02 3055 931 02 3055 929**